ФИЛХАРМОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

бул. Гоце Делчев бр.2 ▪ 1000 Скопје ▪ тел: +389 2 3118 450 ▪ факс: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk
bul. Goce Delcev br.2 ▪ 1000 Skopje ▪ phone: +389 2 3118 450 ▪ fax: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk
www.filharmonija.mk

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ФИЛХАРМОНИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL - FILHARMONIA
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 04-738/1
13.12. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

НУ Филхармонија на РСМ – Скопје објавува отворен повик за пријавување за аудиција за селекција на кандидати за надворешни соработници (хонорарци) за следните инструменти:

- Група гудачки инструменти и тоа:
  - виолина
  - виола
  - виолончело
  - контрабас

-Дувачки инструменти и тоа:
  - флејта
  - обоа
  - кларинет
  - фагот
  - хорна
  - труба
  - тромбон
  - туба и

-Ударни инструменти.(перкусионисти)

**<u>ПРИЈАВУВАЊЕ:</u>**

Пријавата треба да содржи:
-Име и презиме,
- година на раѓање,
- кандидатот да го наведе инструментот за кој се пријавува,
-класа на професор,
-академска година (за студентите),
-звање (за лицата кои се дипломирани) и
-информации за контакт.(емаил и број на телефон)

Сите заинтересирани кандидати пријавата треба да ја доставаат на следната електронска пошта: **shefnaorkestar@gmail.com.**

Рокот за достава на пријавата е од денот на објава на ова известување до 23.12.2024 година.

- Сите кандидати кои се пријавиле, нотниот материјал потребен за аудиција за надворешни соработници (хонорарци) може да го подигнат од нототеката во институцијата во деновите: 26.12.2024 година и 27.12.2024 година, во периодот од 09 часот до 12 часот.

- Нотниот материјал кој ќе се свири се состои од:
  оркестарски делници за инструментот за кој е поднесена пријавата.

**ВРЕМЕ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА АУДИЦИЈАТА**

Времето и местото на одржување на аудицијата е на 13.01.2025 година (Понеделник), во 10 часот во просториите на НУ Филхармонија на РСМ - Скопје.

Изборот на надворешни соработници ќе биде изведен по пат на аудиција, од страна на надлежни комисии.

Надлежните комисии за спроведување на аудиција, ќе изготват листа на лицата кои ја положиле аудицијата за надворешни соработници.(хонорарци)

Листата за надворешните соработници ќе биде објавена на интернет страната на институцијата и на огласната табла.

**НАПОМЕНА:**

НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, има право на промена на датумот и терминот за одржување на аудицијата.

Во случај на промена на датумот и терминот за одржување на аудицијата, пријавените кандидати ќе бидат навремено известени преку електронската пошта која ќе ја наведат во пријавата.

Установата нема обврска редовно да ги ангажира кандидатите кои ја положиле аудицијата.
Ангажирањето ќе се врши само кога установата ќе има потреба од тоа, во зависност од програмата на институцијата.

**НУ Филхармонија на РСМ - Скопје**
**в.д Директор**
Александар Котевски

Изработил:
Игор Димески